# Комуникациска стратегија - 2023

## ВОВЕД

Во услови на светска криза, земјоделскиот сектор е еден од клучните столбови на сигурност дека храна ќе има доволно за сите. Позади нас е година во која успешно ги надминавме сите предизвици, реализиравме многу интервентни мерки за поддршка на земјоделците, а резултатите се одлични.

Следната 2023 година ја продолжуваме со силна и прогресивна земјоделска политика. Започнува историски најголемата реформа која е поддржана со историски најголемиот земјоделски буџет, бидејќи земјоделците тоа го заслужуваат.

За 2023 година вкупниот буџетза секторот земјоделство, што подразбира неколку институции е во износ од околу 11.9 милијарди денари што претставува зголемување за плус 2.77 милијарди денари споредено со 2022.

Активностите во 2023 година ги поставуваме на 5 клучни столба, а тоа се реформите во земјоделството, поддршка за малите семејни бизниси, капиталните водостопански инвестиции, зелената транзиција и модернизација на македонското земјоделство.






**Првиот столб** е историската реформа во земјоделството со која за прв пат во историјата на државата започнуваме нов модел на субвенционирање и авансна исплата на субвенциите.

**Обезбедени се над 7 милијарди денари за субвенции и ова се рекордни средства со кои засекогаш ставаме ред во исплаќањето и тоа авансно, однапред за тековната година. Земјоделците да бидат спокојни, обезбедена е рекордна сума за субвенциите.**

Новиот модел за субвенционирање е насочен кон зголемено домашно производство, а главниот фокус е ставен на поддшката за вистинските земјоделци. Најважната порака која ја испраќаме преку новиот модел е стимулативниот ефект, и брзата исплата.

Фокусот е ставен на сите значајни култури и на развој на сточарството. Ги мотивираме и насочуваме земјоделците да го произведуваат она што е стратешки важно за државата. На тој начин мотивираме поголем принос на домашно производство значајни култури, а преку тоа и намалување на увозната зависност на државата. Во 2023 година со новиот модел за субвенционирање имаме рекордно високи субвенции за високомлечни грла зголемени за 30% со што стимулираме поголемо производство на млеко.

Она што е најважно за новиот модел за субвенционирање е што целокупното домашно производство ќе остане дома во нашите капацитети. **Храна ќе има доволно.** Главната цел на новиот модел е земјдоелското производство да заврши во подготовка на финален производ. Даваме можност земјоделците да одберат дали своето производство ќе го предадат во целост кај ргистрираните

капацитети, на пазар или задржат за сопствени потреби при преработка на финален производ.

Со новиот модел сите земјоделци добиваат основна - директна субвенција за одржување на земјоделските површини, додека дополнителна субвенција е предвидена за земјоделците кои обработуваат производи од листата на значајни важни култури. Листа која ја утврдивме заедно со земјоделците.

Новиот модел предвидува и поголема контрола, а на тој начин и намалување на сивата економија. За прв пат од 2023 година започнуваме и со ортофото снимања, преку кои ќе вршиме прецизна контрола на земјиштето. Ова е уште една мерка со која го модернизираме агросекторот и ја зголемуваме контролата со што добиваме прецизини податоци дали земјиштето навистина се обработува што ќе биде клучно за исплатата на субвенциите.

**Една од клучните промени за 2023 година е Програмата за рурален развој, која прераснува во инвестициска програма.** Преку оваа програма и во 2023 ќе ги реализираме сите позитивни мерки кои постигнаа одлични резултати и огромен интерес кај земјоделците. Тоа се мерките рурална жена, млад земјоделец, набавка на опрема, системи за наводнување, педигриран добиток и многу други. За прв пат во 2023 воведуваме **нова мерка** во програмата за рурален развој, наречена **„бизнис план во земјоделството"** со грант до 600.000 денари. Создаваме можност земјоделците сами да си одберат што најмногу им треба и на јавен повик, кој ќе трае преку цела година, да аплицираат тогаш кога ќе бидат подготвени.

Со реформата на програмите во земјоделството предвидени се **четири развојни програми**: Програма за откуп, Програма за мали производители, Програма за мали винарии и Програма за поддршка на задругите.

**Програмата за поддршка на откупот за свежо овошје, зеленчук, млеко и млечни производи**, започна за прв пат 2022 година, а како успешен проект ќе продолжи и во 2023 година. Преку оваа програма го поддржуваме откупот на домашни земјоделски производи, и обезбедуваме здрава ужинка за учениците во основните училишта. Реализацијата на оваа програма веќе започна со дистрибуција на 743.000 килограми јаболка за 186.000 ученици од 350 основни училишта.

Како **нова програма** се воведува и **поддршката за развој на земјоделските задруги** која има за цел да придонесе кон развој на селата преку развојот наземјоделските задруги. Задругарството како форма на здружување има огромен потенцијал и затоа ние како министерство го поддржиме.




**Вториот столб е насочен кон поддршка на малите производители на храна и пијалоци. Преку Програмата за малите производители на храна** со буџет од 35 милиони денари. малите производители ги поддржуваме со грант до 600.000 денари, поддршка за набавка на опрема за производство. Сите нови мали производители треба само да се регистрираат во АХВ, за да можат да остваруваат продажба од праг или фарма. Очекуваме над 2000 нови регистрирани мали производители. Преку оваа програма создаваме нови мали бизниси кои развиваат нови производи.

Мали производители се и малите семејни винарии со кои постигнавме огромен успех. Само за една година имаме рекорден упис во регистарот на производители на вино, дури 100 нови, а 59 мали винарии добија грант до 10.000 евра.

Овој успех беше мотив да креираме посебна **Програма за малите винарии**, да ги поттикнеме уште повеќе во нивниот развој. Северна Македонија е винска земја која веќе е препознаена на светската винска мапа, а за тоа голем придонес имаат и малите семејни винарии.

Покрај поддршка за малите семејни винарии за прв пат предвидуваме и поддршка за малите производители на алкохолни пијалоци и мали дестилерии. Преку грант финансиска поддршка до 5.000 евра наменет за поддршка при набавка на опрема за производство.




**Третиот столб е силно насочен кон капиталните водостопански инвестиции**. Нема стабилно земјоделство без доволно вода.

Во првиот квартал на годината ќе заврши изградбата на браната Конско. Тоа е најголем капитален проект за водоснабдување во последните 50 години. Изградбата на оваа брана започна во јуни 2018 година. Вкупната инвестиција е 40 милиони евра, обезбедени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Програмата за рурален развој. Оваа вештачка акумулација е дел од хидросистемот „Гевгелиско поле" и нејзиното пуштање во употреба ќе значи навремено обезбедување на вода за наводнување за нови 4.000 хектари земјоделски површини, во гевгелиско-валандовскиот регион.

Во 2023 година продолжува изградбата на Брана Речани со која што ќе се обезбеди снабдување со вода за пиење за 80.000 жители и наводнување на кочанското поле, а преку две мали хидроцентрали ќе се произведува и електрична енергија. Вредноста на инвестицијата е 30 милиони евра.

Планирано е завршување на проектот за изградба на ХС Равен – Речица на износ од 15 милиони евра, кој почна со изградба во 2018 година. Од оваа акумулација, која опфаќа површина од 3920 хектари, ќе се наводнува земјоделската површина која се протега од десната - горната страна на автопатот Тетово - Гостивар до подножјето на Шар Планина. Покрај оваа земјоделска површина, со овој систем за наводнување ќе се опфати и дополнителна нето површина која се наоѓа под автопатот Тетово – Гостивар, и ќе се наводнуваат 3300 хектари земјоделска површина во општините Гостивар, Врапчиште, Боговиње и Тетово.

Со силно темпо ќе се реализира и Програмата за наводнување на Северна Македонија, која вклучува изградба на четири системи за наводнување во рамки на речниот слив на Река Вардар (ХС Лисиче, Конско, Пепелиште и Јужен Вардар – трета фаза), финансиран со заем од KFW и буџетско учество.

Исто така во 2023 година по комплетирање на документацијата и непходните дозволи ќе почне големиот капитален проект со буџет од 22 милиони евра а тоа е изградба на браната на река Слупчанска.

Следен голем капитален проект е и брана Вакуф, близу Кратово за која во 2023 година ќе се направи и физибилити студија а потоа и проектна документација за распишување на овој капитален проект.

Значаен удел во капиталните инвестиции во водостопанската инфраструктура имаат и малите нискотрошковни системи за наводнување кои се градат со поддршка на ИПА програмата. Веќе се завршени Чаушица, Славишко поле, Пишица, и Зајас, а во 2023 продолжува изградбата на малите ХС Конопница и Теарце. Во јануари 2023 со градба започнуваат и системот за наводнување Колибари со вредност од 1.5 милиони евра, како и пумпната станица во општина Дебар.

Сите овие капитални инвестиции значат навремена достапност на вода за наводнување на земјоделските посеви, што крајно ќе влијае врз зголемување на домашното производство на земјоделски производи и храна. Нема развој на земјоделството без современи брани и системи за наводнување.



**Четвриот столб е зелената транзиција** што е во согласност со Зелениот договор на Европската Унија. Почитувањето на зелените принципи, е клучно за постигнување на амбициозната цел за климатско неутрална Европа. Токму затоа, во 2023 година ставаме фокус на зелената транзиција преку проектите во шумарството.

Во делот на **шумарството** за Програмата за проширена репродукција на шумите, планирани се средства активности за пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна и приватна сопственост. Спроведување на одгледувачки мерки за подобрување на квалитетот и структурата на шумите, со акцент на пошумување на опожарените површини.

На овој начин МЗШВ интегрално пристапува кон зачувување и обновување на шумскиот фонд. Есенва 2022 година, имавме интензивни акции за пошумување поддржани од нашата програма, со што веќе се засадени над 150.000 садници на повеќе локации во Скопје, Велес и Ранковце. Започнавме успешна соработка со Сојузот на извидници на Македонија, но и повеќе граѓански здруженија со кого партнерски ќе ги реализираме планираните активности за зелена транзиција. Со зголемените средствата за 2023 година, пошумувањето ќе биде една од нашите цели за успешно реализирање на зелените принципи. Да им оставиме на идните генерации чиста, зелена и европска држава.




**Петтиот столб** е модернизацијата во земјоделството која ја реализираме преку ИПАРД3  програмата, Светска Банка и нашите мерки од Програмата за рурален развој мерка 121 Модернизација во земјоделското стопнаство.

Бележиме 95% реализација на средствата предвидени во ИПАРД 2 програмата, со склучени и веќе реализирани над 2.000 договори, што не позиционираше како земја лидер во реализација на ИПАРД 2 програмата. Во таа насока Европската Комисија ги зголеми средствата во новата ИПАРД 3 програма за 62% со што, на располагање би имале 97 милиони евра наменети за инвестиции во следните 7 години. Предвидуваме авансна исплата до 50% и го зголемуваме прагот на минимум прифатливите трошоци по проект. Успешната приказна на ИПАРД ја продолжуваме и во 2023 година.

Преку поддршка од **Светска Банка го реализираме проектот за модернизација.** Во 2023 започнува изградбата на откупните центри, во Ресен и Струмица, како и логистичката платформа во Скопје. Ова се три најголеми капитални проекти со кои се модернизира домашното земјоделство. Во 2022 година беше започната постапката за проектирање и подготовка на урбанистичката документација за сите три проекти, а потпишан беше и грантот за системот за безбедно отстранување на нус производи од животинско потекло. **За прв пат** државата ќе изгради вакви современи објекти, како една од целите за модернизација, а системот за безбедно отстранување на нус производи од животинско потекло има и друга цел – да придонесе за намалување на стакленички гасови со што Северна Македонија преку конкретна мерка ќе се приклучи кон агендата на климатски неутрална Европа.

Модернизацијата на македонското земјоделство ќе ја спроведуваме и преку нашата мерка 121 од Програмата за рурален развој, преку набавка на силоси, комбајни и сушари за ориз, опрема за тутун, системи капка по капка, поддршка за смарт земјоделство, инвестици во системи за обновливи извори на енергија, кои ќе ги кофинансираме до 600.000 денари.

Предвидени се и мерки за подобрување на пазарната конкурентност преку поддршка за маркетинг на земјоделските производи, наменета за набавка на специјални возила за директна продажба на земјоделски производи, со висина до 70% од прифатливите трошоци.




Во 2023 храна ќе имаме доволно. Со зголемена површина, сите нови мерки и авансната исплата на субвенциите, **2023 година ќе биде рекордна година по остварено производство**.

2023 година е година на нови можности во земјоделството. Година на развој и модернизација на македонското земјоделство.

Работиме домаќински, без непродуктивни трошоци, насочени кон поддршка за секој еден земјоделец.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015